Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

# П Р Е Д Л О Г
# на Закон за прогласување на Интегрална Целина "Острово", за споменик на природа

Скопје: Јули 2010 година

ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 92 став 1 од Законот за заштита на природата ("Службен весник на РМ" бр. 67/04, 14/06 и 84/07), споменициите на природата се прогласуваат за заштитено подрачје со закон.

За таа цел, Владата на Република Македонија на седницата одржана на 02.01.2009 година донесе заклучок со кој ја усвои Информацијата за потребата од валоризација на природните вредности на Интегралната Целина Острово заради прогласување за заштитено подрчје во категоријата споменик на природата и го задоложи Министерството за животна средина и просторно планирање да започне постапка за прогласување на локалитетот Интегрална Целина Острово за заштитено подрачје согласно Законот за заштита на природата.

За таа цел, на 15.05.2009 година година во просториите на општината Гази Баба-Скопје се одржа јавна расправа по Предлогот за прогласување на локалитетот Интегрална Целина Острово за заштитено подрачје во категоријата  споменик на природата. Организатор на јавната расправа беше Министерството за животна средина и просторно планирање.

Согласно, член 66 став 1 од Законот за заштита на природата ("Службен весник на РМ" бр. 67/04, 14/06 и 84/07) категоријата споменик на природата е трета категорија на заштитено подрачје. Согласно член 76 став 1 од истиот закон, споменик на природата е дел на природата со една или повеќе природни карактеристики и специфични, загрозени или ретки обележја, својства или форми и има посеба научна, културна, воспитно-образовна, духовна, естетска и /или туристичка вредност и функција.

Во спомениците на природата и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се прогласени за споменици на природата. Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата издава дозволи за спроведување на посебни мерки и активности за заштита и обнова на спомеников на природата.

Земајќи ги во предвид геолошко-ботанички особености, кои се од исклучително значење, како и заклучокот од спроведената јавна расправа, неоспорно се наметнува заклучокот дека локалитетот Интегрална Целина Острово ги исполнува сите критериуми да биде прогласен како споменик на природата.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на Законот е спроведување на Законот за заштита на природата согласно кој спомениците на природата се прогласуваат за заштитено подрачје.

Законот се заснова на следните начела:

- зачувување на автентичната состојба на природата, природните и други вредности;
- создавање на што поповолни услови за одржување, развој и унапредување на природните вредности;
- спречување на секакви дејствија со кои непосредно или посредно би можела да се измени состојбата и природниот развој на природните вредности;
- одржување и уредување на спомeникот на природата, со цел заштита на природата преку заштита на биолошката и пределската разновидност и природното наследство и
- регулирање на односот на човекот кон природата, заради зачувување на автентичната состојба на спомeникот на природата.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведувањето на овој закон не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Имајќи предвид дека согласно Законот за прогласување на локалитетот Интегрална Целина Острово за споменик на природата, Шумарскиот Факултет ќе управува со спомeникот на природата Интегрална Целина Острово, истиот ќе треба да обезбеди финансиски средства за спроведување на законот кои се однесуваат на обезбедување на чуварска служба, мониторинг итн.

ПРЕДЛОГ
НА ЗАКОН ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИНТЕГРАЛНАТА ЦЕЛИНА „ОСТРОВО“
ЗА СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА

**Член 1**

Просторот на локалитетите Езерце, Арборетум и Острово се прогласува за споменик на природата, заради заштита на неговите природни вредности, посебно на биолошката и пределната разновидност, кои се од посебно значење за заштита на природата.

**Член 2**

Називот на спомеником на природата е Интегрална Целина „Острово“.

**Член 3**

Категорија на заштитеното подрачје Интегрална Целина „Острово“ е споменик на природата.

**Член 4**

Инегралната Целина „Острово“ се наоѓа во централниот дел на Скопска Котлина, покрај река Вардар, југоисточно од Скопје, во атарот на село Трубарево, Општина Гази Баба- Скопје.

Границата на спомеником на природата Интегрална Целина Острово започнува од аголната точка бр. 13 (на 220 мнв) лоцирана од источната страна од поранешниот одводен ракавец (дел од старото корито на река Вардар), го поминува одводниот ракавец и се движи линијски во правен кон југоисток, преку линиската точка бр.15 (на 237 мнв) до доводниот ракавец, го сечи и избива на аголната точка бр.16 (на 236 мнв). Од таму границата лачно го прати работ на доводниот ракавец кој граничи со ниви и свртува кон југоисток преку линиската точка бр.17 (на 236 мнв) до аголната точка бр.18 (на 237 мнв) од каде што нагло свртува под кос агол кон југозапад и избива на аголната точка бр.20 (на 240 мнв) мрежестата оградата на дендропаркот Арборетум. Потоа границата продолжува линиски во правец кон југоисток по надворешната страна од мрежната ограда на Арборетумот и избина на аголната точка бр.21 (на 239 мнв) лачно ја прати пристапната патека (насип) помеѓу Арборетумот и локалитетот Езерце, продолжува кон југозапад по надворешната страна од оградата на локалитетот Езерце и избива на аголната точка бр.5 (на 237 мнв), веднаш до постојниот пат, покрај железничката пруга. Од таму границата свртува под кос агол кон северозапад, поминува низ линијската точка бр.4 (на 237 мнв) лоцирана од надворешната страна на мрежната ограда на локалитетот Езерце, покрај локалниот пат се до аголната точка бр.3 (на 232 мнв). Од таму границата свртува кон североисток и лачно ја заобиколува надворешната страна од мрежната ограда на локалитетот Езерце, преку четири линиски точки (бр.2, бр.1, бр.7 и бр.8, на 248 мнв) од северна

страна покрај пристапниот земјен пат (во правец кон југоисток) се до аголната точка бр.9 (на 248 мнв), веднаш до пристапна патека помеѓу локалитетите Езерце и Арборетум, и продолжува линиски да ја прати мрежната ограда на Арборетумот од надворешна страна се до постојниот земјен пат оформен на насипот, миниува низ линиската точка бр.10 (на 245 мнв) избива на аголна точка бр.11 (на 240 мнв) која се наоѓа на надворешниот раб од одводниот ракавец (старо корито на реката Вардар) лачно го заобиколкува одводниот ракавец од северната страна (поранешното речно острово) се до аголната точка бр.12 (на 239 мнв) и свртува кон исток пратејќи го линиски работ на одводниот ракавец во правец кон југ и избива на почетната точка бр.13 (на 220 мнв).

Во овие граници површината на споменикот на природата Интегрална Целина Острово изнесува 29 хектари од кои 20 хектари се на локалитетот Острово, 3 хектари на дендропаркот Арборетум и 6 хектари на локалитетот Езерце, на катастарските парцели број 197, 197/4, 200/1, 200/3, 202/2, 202/3, 549, 551, 552, 553, 554, 555, 563, 570 и дел од 660 сите во К.О. Трубарево.

**Член 5**

Со споменикот на природата Интегрална Целина „Острово“ управува Шумарскиот факултет-Скопје.

**Член 6**

Заради остварување на заштита на споменикот на природата Интегрална Целина Острово, Шумарскиот факултет- Скопје, донесува план за управување и годишни програми за заштита во кои се утврдени посебните мерки и активности за заштита на природата.

Непосредната заштита на споменикот на природата Интегрална Целина „Острово“ ја остварува Шумарски факултет од Скопје, преку Шумско-опитната станица Трубарево, за што формира чуварска служба.

Чуварската служба ги врши работите на набљудување и следење на состојбите на сите вредности и дозволени активности во споменикот на прородата.

**Член 7**

Шумарскиот факултет-Скопје е должен да го чува, да се грижи и да го одржува споменикот на природата и навремено да ги презема пропишаните техничко-заштитни и други мерки со кои се обезбедува особено:

- заштита на природните живеалишта од национално и меѓународно значење за воспитно-образовни, научни, културни, рекреативни и туристички цели;

- воспоставување стабилност на еколошките процеси, биолошката и пределната разновидност преку трајно зачувување на репрезентативните природно-греографски карактеристики во автентична состојба;

- проучување, истражување и со научни методи обработување на прашањата од интерес за заштитата на споменикот на природата;

- водење евиденција и документација за природните и другите вредности и убавини во споменикот на природата;

- преземање мерки за заштита на утврдената зона во споменикот на природата;

- обезбедување поттик и поддршка на активности за заштита на споменикот на природата преку подигање на јавната свест, а посебно на воспитно-образовниот процес;

- создавање услови за развој на еко-туризмот во согласност со принципот на одржлив развој;

- спречување на штетни активности од физички и правни лица, односно обезбедување максимално поволни услови за заштита и развој на природата;

- поттикнување на научно-истражувачка работа, заштита, презентација и интегриран третман на природното и културното наследство;

- издавање на научни и стручни публикации, водичи, диапозитиви и друг информативен и пропаганден материјал за споменикот на природата;

- вршење други работи кои придонесуваат за заштита и унапредување на споменикот на природата;

- одржливо користење на природното богатство во интерес на сегашниот и идниот развој, без оштетување на деловите на природата;

- создавање услови и преземање мерки за заштита на споменикот на природата со цел за зачувување и одржливо управување со компонентите на предлната разновидност;

- спречување на дејствија кои би го измениле водниот режим, растителниот состав на заедниците и типовите на живеалишта во споменикот на природата;

- спречување на сечење дрва, палење оган и деградирање на природата;

- спречување нелегален лов и риболов и уништување или оштетувања на гнездата или местата каде што животните се размножуваат или престојуваат на поширокиот простор на споменикот на природата.

## Член 8

Во споменикот на природата Интегрална Целина „Острово“ се воспоставуваат следните зони на заштита:

- зона за строга заштита,
- зона за активно управување,
- заштитен појас.

Зона за строга заштита се оформува во локалитетот Езерце на површина од 5,9 хектари, во дендропаркот Арборетум на површина од 0,2 хектари и во локалитетот Острово на површина од 0,4 хектари или вкупно 6,5 хектари.

Зона за активно управување се оформува во локалитетот Езерце на површина од 0,1 хектар, во дендропаркот Арборетум на површина од 2,8 хектари и во локалитетот Острово на површина од19,6 хектари или вкупно 22,5 хектари.

Заштитен појас се оформува околу заштитеното подрачје Интегрална целина Острово  во широчина до 10 метри сметано од ивицата на границата на подрачјето према насипот, односно полскиот пат и обработливите површини.

Зоните од став (1) на овој член се означени на карта, изработена во дигитална и печатена форма.

**Член 9**

Во зоната за строга заштита може да се вршат научно-истражувачки активности во согласност со Законот за заштита на природата.

**Член 10**

Во зоната за активно управување Шумско-опитната станица Трубарево при Шумарскиот факултет-Скопје дозволува развој на екотуризам.

**Член 11**

Заради одржување на карактеристиките на зоната за строга заштита и зоната за активно управување Шумско-опитната станица Трубарево при Шумарскиот факултет-Скопје обезбедува постојан мониторинг.

**Член 12**

Во заштитниот појас можат да се вршат активности на традиционално екстензивно земјоделство.

**Член 13**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

*О б р а з л о ж е н и е*

## I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Локалитетите Острово, Арборетум и Езерце се наоѓаат во централниот дел на Скопската Котлина, во атарот на село Трубарево, општина Гази Баба.

Целиот простор е на средна надморска височина од околу 235м. со повшина 29 хектари од кои Островото е со 20 хектари, Дендро-паркот Арборетум зафаќа 3 ха и локалитетот Езерце зафаќа 6 ха, на к.п. бр. 197, 197/4, 200/1, 200/3, 202/2, 202/3, 549, 551, 552, 553, 554, 555, 563, 570 и дел од к.п. бр. 660 сите во К.О. Трубарево.

Локалитетите се лоцирани во алувијалната рамнина на река Вардар што укажува на фактот дека просторот изобилува со подземна хидрографска мрежа. Локалитетот Острово е остаток од поранешното острово кое по природен пат го формирала реката Вардар која на овој простор се одвојувала на две теченија и го заобиколувала островото. Денес на теренот се сочувани фосилните корита на двата ракавци на реката (доводен и одводен). Остовото од научен аспект се третира како фосилно острово на река Вардар. Во окружувањето на локалитетот карактеристично е високото ниво на подземните води кај локалитетот Езерце, во атарот на с. Трубарево. Југоисточно од локалитетот Острово (околу 500 м) протекува реката Вардар. Таа е основен хидрографски систем за поширокото окружување на локалитетот. Во локалитетот се издвоени два типа на биотопи: тревест и арбореален тип. Од блатната макрофитска вегетација карактеристични се заедниците со трска, рогоз, мечкина шепа и лемна. Од дрвенестите растенија застапени се: платан, црн јасен, бозел, брест, јавор, багрем, бела топола, црна топола, врес, бела врба, хмељ и други.

Фауната е застапена со без'рбетни и 'рбетни животински видови. Доминантни се претставниците од групата на инсекти, од кои посебно се значајни 10 вида дневни пеперутки, 2 вида вилински кончиња и 22 вида стакулци. Од мекотелите застапени се 3 вида копнени полжави. Од 'рбетните животни групата на водоземци и влекачи (херпетофауна) е застапена со 6 вида. Птиците (орнитофауна) се претставени со 55 вида. Цицачите се застапени со 20 вида од кои 14 вида се мали цицачи: лилјаци (потковичари, ноќници, вечерници), ровчици, реликтен крт, еж и 5 вида големи цицачи: шарена куна, јазовец, дива мачка, куна белка и верверичка.

Арборетумот е оформен во 1953 година од страна на Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје. Лоциран е во алувијалната рамнина на Скопската Котлина, во атарот на село Трубарево и зафаќа површина од 3 хектари. Всушност арборетумот претставува продолжение на вегетацискиот појас што го формираат локалитетите Острово од источна страна и Езерце од западна страна. Во арборетумот се засадени дрвенести и грмушести видови од нашата автохтона дендрофлора и видови од сите континенти, посебно од Европа, Азија и Северна Америка. Вкупниот број на

дрвенестите и грмушестите видови во Арборетумот е околу 600 вида. Дендро-паркот служи за еколошки набљудувања, научни истражувања на Шумско опитната станица Трубарево и настава за студентите при Шумарски факултет- Скопје.

Локалитетот Езерце преку целата година е под вода при што во летниот период водата се задржува само во пониските места. Подлогата е доста влажна преку целата година и во неа се развива типична блатна вегетација со доминација на трската и рогозот. Во езерцето на површината на водата доминантна е лемната. Во локалитетот застапени се претставници од грмушеста и дрвенеста вегетација (повремено поплавена шума). Доминантни се: бела врба, кршлива врба, бела топола, црна топола, брест, а се среќаваат: врес, јавор, бозел и багрем.

Од без'рбетната фауна доминантни се претставниците од групата инсекти: 5 вида вилински кончиња, 18 вида дневни пеперутки, 8 вида скакулци; од мекотелите регистрирани се: медицинска пијавица, 3 вида водни полжави, а на крајбрежјето 3 вида копнени полжави. Од 'рбетната акватична фауна застапени се: 2 вида риби, 2 вида водоземци и 2 вида влекачи; од копнената 'рбетна фауна: 2 вида водоземци, 4 вида влекачи, 51 вид птици и 19 вида цицачи.

Според меѓународниот статус на видовиот диверзитет во локалитетот Острово егзистираат фаунистички видови кои се значајни за биодиверзитетот на Македонија, но и пошироко, на европско и светско ниво. Имено, од херпетофауната 6 вида се со статус на заштитени видови во европски рамки. Во прилог II на Бернската конвенција се 4 вида; во прилог III на истата конвенција се 2 вида, а во листата на КОРИНЕ биотопи се 3 вида. Од копнената фауна издвоени се 14 видови со меѓународно значење, од кои во светската листа на загрозени диви животински видови се 11 вида, во прилог II на Бернската конвенција се 3 вида, во прилог III се 4 вида, а во КОРИНЕ листата се 11 вида. Имено, со статус на загрозеност, односно ранливост се 9 вида лилјаци и 2 вида други цицачи. Од орнитофауната издвоени се 27 вида птици со меѓународно значење. Во СПЕЦ. Категорија 2 се 6 вида, во СПЕЦ. Категорија 3 се 10 вида, а во СПЕЦ. Категорија 4 се 9 вида.

Според меѓународниот статус на видовиот диверзитет во локалитетот издвоени се следните групи: 8 вида од херпетофауната се со статус на заштитени видови во европски рамки (Бернската конвенција прилог II се 4 вида; прилог III се 2 вида и во КОРИНЕ листа се 3 вида). Од орнитофауната во локалитетот се издвоени 21 вид птици со меѓународно значење: во Спец. категорија 2 се 2 вида, во Спец. категорија 3 се 12 вида, а во Спец. категорија 4 се 7 вида; во прилог I на ЕУ директивата за диви птици се 13 вида птици; Во Бернската конвенција прилог II се 18 вида, а во прилог III се 3 вида; во прилог II на Бонската конвенција се 10 вида и 15 вида се во КОРИНЕ листата. Од терофауната во локалитетот се издвоени 14 видови со меѓународно значење, од кои во светската листа на загрозени диви животински видови се 11 вида, во прилог II на Бернската конвенција се 3 вида, во прилог III се 4 вида, а во КОРИНЕ листата се 11 вида. Со статус на загрозеност, односно ранливост се 9 вида лилјаци.

Согласно Законот за заштита на природните реткости ("Сл. весник на НРМ", бр.42/60) во 1965 година Арборетумот-Трубарево е прогласен за природна реткост со решение на Собранието на Општина Саат Кула, Скопје ("Сл.гласник на Општина Саат Кула", бр.162/65).

Согласно Законот за заштита на природните реткости ("Сл. весник на СРМ", бр.41/73), со одлука на Општината на Град Скопје во 1976 година локалитетот Острово е прогласен за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата. Одлуката е објавена во "Службен гласник на Општина на град Скопје" бр. 15/76. Во 1977 год. Собранието на Град Скопје донесува Одлука за измена и дополнување на претходната одлука (од 1976) со која се менува членот 2 и се проширувааат границите со нови катастарски парцели и се зголемува површината на заштитено подрачје од 13 на 14,5 ха.

Согласно Законот за заштита на природните реткости ("Сл.весник на СРМ", бр.41/73), со одлука на Собранието на Град Скопје во 1994 година Арборетумот и месноста Езерце се прогласени за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата.

Согласно член 135 став 1 од Законот за заштита на природата управувањето, надзорот и заштитата на спомениците на природата, прогласени со закон, го вршат субјекти под услови и на начин утврдени со актот за прогласување. При изготвувањето на актот за повторно прогласување на споменикот на природата Интегрална Целина Острово, Министерството за животна средина и просторно планирање и предложи на Владата на Република Македонија повторно да го определи Шумарскиот факултет во Скопје, Шумска опитна станица Трубарево, да управува со заштитеното подрачје во категоријата споменик на природата.

Врз основа на горното Министерството за животна средина и просторно планирање смета дека Предлогот на законот за прогласување на споменикот на природата Интегрална Целина Острово целосно е усогласен со меѓународните конвенции и договори за заштита на биолошаката и пределната разновидност, ратификувани од Република Македонија, европската директива за природни живеалишта, дива флора и фауна, директивата за заштита на дивите птици и националнатото законодавство на Република Македонија и предлага Владата на Република Македонија да го утврди текстот на предметниот закон и да го достави на усвојување во Собранието на Република Македонија.

Со тоа ќе се допринесе за исполнување на обврските на Република Македонија во делот на постигнување на глобалните цели за заштита на биолошката разновидност познати како 2010 Цели за биодиверзитет.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА